Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО
Бр. 02-382/11
05.12 2022 год.
НЕГОТИНО

Врз основа на член 7, член 63 и член 356 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата(„Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15...83/2018) и член 5 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија“бр.95/2012 ..64/2018) и член 14-а од Законот за јавна чистота(Службен весник на Република Македонија бр.“(111/2008…31/2016 ) и член 35 став 1 од Статутот на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино (Сл.Гласник на Општина Неготино бр.07/2022), Управниот Одбор на јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино на седница одржана на ден 05.12.2022 година донесе,

# П Р А В И Л Н И К

## За условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила , хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Неготино

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила од јавни сообраќајни и други јавни површини и чување на истите на подрачјето на Општина Неготино.

**Член 2**

Надзор над непрописно запрените или паркирани возила и условите и начинот за отстранување, преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Неготино врши Јавното Претпријатие за јавни паркиралишта„ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“ Неготино.

Надзорот како и блокирањето, отстранување и преместување на непрописно запрени или паркирани возила и приколки, хаварисани и напуштени возила го врши Јавното Претпријатие за јавни паркиралишта„ ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино и тоа на :

1.Јавни сообраќајни површини :

-тротоари, јавни паркиралишта, пешачки и велосипедски патеки, плоштади, кејови, јавни пазаришта и други јавни сообраќајни површини;

2.Други јавни површини:

-улични тревници, подигнато зеленило, паркови, рекреативни и други неуредени површини.

БЛОКИРАЊЕ НА ВОЗИЛА

**Член 3**

Под „блокирање на возило“ се подразбира поставување на механичко средство блокатор на возилото кога истото е:

- необележано паркинг место на паркинг просторот во опфат на зонското паркирање непрописно паркирано на предвидениот паркинг простор или е паркирано на и надвор од зонско паркирање, место наменето за лица со инвалидитет, место наменето за електрични автомобили,

-паркирано на паркинг простор без регулиран надомест за користење на јавните паркиралишта со наплата или го преминал временскиот интервал за кој веќе е извршена парична надокнада,

-паркирано на резидентна улица или паркиралишта наменети само за станарите во опфат на истите, а истото не е пријавено за користење на резидентниот паркинг простор.

-паркирано на резервирано паркинг место, а истото не е пријавено за користење на резервираниот паркинг простор,

Блокирањето на возилата се врши со поставувањето на механичкото средство (блокатор) на тркалото на возилото, кое го врши овластено вработено лице кај давателот на услугата.

**Член 3-а**

Непрописно паркираните возила на предвидениот паркнинг простор или необележано паркинг место во опфат на зонско паркирање, возила паркирани на место наменето за лица со инвалидитет, возила паркирани на место наменето за електрични автомобили, возила паркирани без регулиран надомест за користење на јавните паркиралишта со наплата, возила паркирани на резидентно паркиралиште, возила паркирани на резервиран паркинг се блокираат по налог на овластени службени лица од давателот на услугата, односно по налог службени лица при Министерството за внатрешни работи-сообраќајна полиција и комунален инспектор. Блокирање на возило може да се изврши и надвор од зонско паркирање по налог на службени лица при Министерството за внатрешни работи-сообраќајна полиција и комунален инспектор во случај кога е констатирано прекршување на законската регулатива.

Возилата за кои нема извршено уплата за користење на паркинг просторот во опфат на зонско паркирање се блокираат доколку се паркирани повеќе од 10(десет) минути, додека возилата кои се непрописно паркирани, возилата паркирани на место наменето за лица со инвалидитет, возилата паркирани на место наменето за електрични автомобили, возилата паркирани на резервирано паркинг место и возила паркирани во резидентни улици или паркиралишта наменети само за станарите на истите, се блокираат веднаш без временска толеранција.

**Член 4**

Согласно член 3-а од овој правилник се блокираат патнички автомобили, мотоцикли, автобуси, товарни возила, работни машини и приклучни возила.

Освен возилата од претходниот став, а заради неможноста за ефикасна наплата на паркинг карта, може да се блокираат и возилата со странски регистарски таблички, ЗООЛ таблички , и возила без регистарски таблички .

**Член 5**

Блокирањето на возила не е дозволено во случаите предвидени со Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата за кои е предвидено нивно задолжително преместување.

**Член 6**

На возилото на кое ќе биде поставено средство за блокирање, ќе биде прикачено писмено известување во форма на налепница со предупредување за сопственикот или корисникот на возилото, да внимава бидејќи на возилото е поставено средство за блокирање , со упатство за понатамошно делување.

**Член 7**

Трошоците за блокирање и деблокирање ги сноси сопственикот или корисникот на возилото.

Возилото ке се деблокира откако сопственикот или корисникот на возилото ќе ја плати цената на трошоците за блокирање и деблокирање, односно по доставениот доказ за извршена уплата на цената за паркирање на јавното паркиралиште, односно дневните паркинг карти и трошоците за блокирање и деблокирање.

**Член 8**

Доколку по поставување на средството за блокирање, сопственикот или корисникот на возилото не побара истото да биде отстрането во рок од 120(стоидваесет)минути од моментот на поставување на истото, возилото со специјално возило „Пајак“ ќе биде транспортирано на јавното паркиралиште-депо.

Во случај кога возилото е блокирано без временска толеранција согласно член 3-а, рокот за отстранување на механичкото средство за блокирање (блокатор) по барање на сопственикот или корисникот на возилото, е 30(триесет) минути од моментото на поставувањето на истото, по што возилото ќе биде транспортирано со специјално возило „Пајак“ на јавното паркиралиште-депо.

Во тој случај, сопственикот или корисникот на возилото, покрај обврските од член 7 од овој Правилник, ќе треба да ги надомести и трошоците за отстранување и преместување на возилото со специјално возило „Пајак“.

Ако корисникот на возилото го оштети или украде средството за блокирање, службените лица од давателот на услугата на лице место ќе ја констатираат фактичката состојба со составување на записник и за истото ќе биде поднесена пријава до надлежен орган за понатамошно постапување.

**Член 9**

Во случај кога сопственикот на блокираното возило не се јави во работното време, средството за блокирање на возилото (блокатор на тркало) се отстранува 15 минути пред завршување на работното време.

**Член 10**

Во случај кога се вади средството за блокирање на возилото (блокатор на тркало) пред крајот на работното време Поставувачот на блокатор е должен на видно место на возилото да постави Налог за наплата на трошоци за блокирање и деблокирање на возило.

**Член 11**

Давателот на услугата може да постави Налог за наплата за плаќање на блокирано возило без поставување на механичко средство блокатор при извршена контрола од страна на овластен вработен, доколку корисникот на услугата не го подмирил начинот на паркирање односно при извршената контрола е утврдено дека корисникот на услуга има неруглирана паркинг сесија.

**Член 12**

Налогот за наплата за блокирано возило содржи број на налогот, регистерска таблица, марка на возило, зона и позона на паркирање, час на издавање, сума за плаќање, дата на издавање, податоци и информации за јавното претпријатие како и информации за постапување за наплата на корисникот на јавните паркиралишта.

Овластен вработен за поставување на блокади поставува и Налог за наплата кој се лепи на стаклото на левата врата на возилото од страна на возачот. По поставување на Налогот за наплата возилото се фотографира.

**Член 13**

Во случај на неподмирување на Трошоците за блокирање и деблокирање во рок од 5 дена давателот на услугата е должен на корисникот на блокираното возило да му достави фактура за извршената услуга.

Доколку фактурата не биде подмирена од страна на корисникот на услуга и по доставувањето и по изминувањето на законски предвидениот рок, давателот на услуга има право да поведе постапка за наплата на превземените дејствија и направени трошоци во врска со Налогот за наплата.

**Член 14**

Доставувањето на налогот за плаќање за блокирано на возило на начин определен со претходниот став се смета за уредно. Оштетување или уништување на налогот нема влијание на испарвноста (уредноста) на доставувањето и не го одлага неговото плаќање.

ЗАПУШТЕНИ ВОЗИЛА

**Член 15**

Запуштено, дотраено нерегистрирано или технички неисправно возило се отстранува по налог на овластено службено лице при Министерството за внатрешни работи-сообраќајна полиција, односно комунален инспектор.

Трошоците за отстранување и преместување на возилото, троцоците за огласување на возилото, проценка на вредноста на возилото, складирање и чување на возилото на отпад, ке ги сноси сопственикот на возилото, утврден според податоците за регистрација на возилото во евиденцијата на МВР илина друг начин.

ОТСТРАНУВАЊЕ И ПРЕМЕСТУВАЊЕ НА НЕПРОПИСНО ЗАПРЕНИ ИЛИ ПАРКИРАНИ ВОЗИЛА, ХАВАРИСАНИ И НАПУШТЕНИ ВОЗИЛА

**Член 16**

Отстранување и преместувањето на непрописно запрени или паркирани возила, хаварисани и напуштени возила  врши ЈП за јавни паркиралишта,, ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО " Неготино.

**Член 17**

Исполнувањето на условите од член 8 од овој Правилник го утврдува ЈП за јавни паркиралишта,, ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО " Неготино.

**Член 18**

Налог за отстранување и преместување на непрописно запрено или паркирано возило, хаварисано и напуштено возило во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за јавна чистота издава овластено службено лице при Министерство за внатрешни работи –сообраќајна полиција односно комунален инспектор.

Пред да отпочне со постапката за отстранување или преместување на непрописно и неправилно паркирано возило, местото и положбата на возилото се утврдува со фотографија или видео запис.

Фотографијата или видеозаписот се составен дел на Налогот за отстранување или преместување на возилото .

Прекршокот за непрописно запирање или паркирање на возило може да се утврди и со помош на видео надзор или со пренос на фотографија по електронски пар без присуство на овластено лице од став 1 и 2 на овој член на местото на извршување на прекршокот.

Образецот – Налогот за отстранување или преместување на возилото од став 1 и 2 на овој член може да се издава во печатена форма или да се изработи по електронски пат.

**Член 19**

Приговор против Налогот за отстранување или преместување на возилото се поднесува спрема лицата наведени во член 18 од овој Правилник во рок од 8 дена од денот на превземањето на возилото.

Приговорот не ја одлага наплата на трошоците за преместување и чување на возилото.

**Член 20**

Пред подигањето и отстранувањето и преместувањето на непрописно запрено или паркирано возило, овластените лица кои вршат отстранување и преместување на возилото, должни се да го прегледаат и да ги утврдат евентуалните претходни оштетеување.

Доколку се утврдат оштетувања на возилото, истите ќе се фотографираат и ќе се наведат во налогот за отстранување или преместување на возилото.

**Член 21**

ЈП за јавни паркиралишта,, ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО " Неготино е должно при превземање на отстранетото возило од страна на сопственикот или корисникот да состави Записник за превземање на возила.

Во Записникот за превземање на возилото се внесува:

-Бројот на Налогот за отстранување или преместување на возилото;

-спецификација на трошоците за отстранување и преместување или трошоците за започнато отстранување и преместување, трошоците за привремено чување на возилото, како и констатација дека возилото се предава неоштетено, односно ако на возилото при преместувањето настанало оштетеување, попис на настанатите оштетеувања и претходно утврдени оштетеувања, констатирани согласно член 20 од овој Правилник.

Записникот го потпишува сопственикот или корисникот кој го превзема возилото и овластеното лице од ЈП за јавни паркиралишта,, ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО " Неготино.

Во случај на констатирано оштетување на возилото настанато при преместување или отпочнување на преместувањето на возилото, сопственикот на возилото има право да поведе постапка за утврдување и надомест на штета.

На сопственикот или корисникот на возилото ќе му се издаде Записникот за превземање на возилото, откако ќе изврши плаќање на трошоците за преместување или отпочнување на преместување на возилото, на лице место или на јавното паркиралиште – депо.

**Член 22**

Трошоците за отстранување и преместување на возилото ги сноси сопственикот или корисникот на возилото.

Сопственикот односно корисникот на возилото за кое е издаден Налог за отстранување или преместување на возилото, должен е да плати надоместок согласно Тарифата на цени по зони, за организирање на зонско паркирање, заради трошоци за доаѓање на специјалното возило, кога е започнато, а не е довршено, отстранувањето или преместувањето на возилото.

Се смета дека отстранување и преместување на возилото е започнато кога е издаден Налог за отстранување или преместување на возилото и кога специјалното возило –пајак дошло на место каде што се наоѓа возилото што се преместува, се додека специјалното возило-пајак, не го напушти местото од кое возилото се отстранува и преместува.

Доколку корисникот на услугата има извршено уплата за користење на паркинг услугата пред исполнување на условите за блокирање и отстранување на возилото, а поради одреден технички пропуст при плаќањето на услугата службените лица не мможат да го констатираат истото, корисникот има право да поднесе рекламација до давателот на услугата во рок од 3 дена.

Комисијата за одлучување по поднесена рекламација ќе ја испита постапката за блокирање и отстранување на возилото со прибирање на сите потребни докази од службените лица како и електронските податоци од системот, и во рок од 8 дена ќе го извести корисникот.

**Член 23**

Кога возилото се преместува врз основа на наредба од Министерството за внатрешни работи од безбедносни причини, при преместувањето на возилото сопственикот ќе биде ослободен од надоместок за трошоци за отстранување и преместување на возилото, а при превземањето на возилото се составува Записник за превземање на возилото, односно одредбите од член 21 на овој Правилник.

**Член 24**

Кога отстрането и преместено возило не е превземено во рок од 8 дена од денот кога е извршено преместувањето, ЈП за јавни паркиралишта,, ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ Неготино е должно за извршеното преместување уредно да го изврши сопственикот или корисникот на возилото.

**Член 25**

Доколку сопственикот или корисникот на возилото во рок од 30(триесет) дена од денот на приемот на уредно доставеното известување за отстранување и преместување на возилото не се јави за да го побара своето возило од ЈП за јавни паркиралишта,, ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО“, возилото во присуство на овластеното лице од Министерството за внатрешни работи или комунален инспектор, во зависност од тоа кој го издал налогот , со Записник ќе му биде вратено при што сопственикот или корисникот на возилото ќе биде задолжен да ги надомести сите настанати трошоци согласно Ценовникот на услугите за блокирање и преместување на непрописно запрени и паркирани возила,хаварисани и напуштени возила и чување на истите донесен од ЈП за јавни паркиралишта,, ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “.

Во спротивно ќе се смета дека тој на неспорен начин ја изразил својата волја , дека возилото не го смета за своја сопственост.Во ваква ситуација ЈП за јавни паркиралишта,, ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО “ не сноси никаква одговорност за судбината на возилото.

**Член 26**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од Советот на Општина Неготино.

Со донесувањето на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Неготино, со број 0101 од 31.03.2021 година.

Управен Одбор
ЈП за јавни паркиралишта,, ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО"
Претседател
Илија Пенков

05.12.2022година
Неготино